Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 274/22) и член 23 од Статутот на ЈКП „Водовод“ н.Илинден, а во согласност со одредбите од член 1, член 2, член 6, член 8, член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги („Службен весник на РМ“ бр. 63/2017), член 5, член 6, член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги („Службен весник на РМ“ бр. 7/2016) и Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Водовод“ н.Илинден за регулиран период 2024-2026 година УП1.бр. 08-333/23 од 14.12.2023 година на Регулаторната комисија за енергетика, Управниот Одбор на ЈКП „Водовод“ н.Илинден на одржаната седница на 28.12.2023 година ја донесе следната:

Јавно комунално претпријатие ВОДОВОД Бр. 02-248/3 28.12.2023 год. н. Илинден, Илинден

# О Д Л У К А

**за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Водовод“ н.Илинден за регулиран период 2024-2026 година -за населените места Миладиновци, Бујковци, Текија и Дељадровци-**

Член 1

Со предметнава одлука, а врз основа на Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП Водовод н.Илинден за регулиран период 2024-2026 година УП1 бр. 08-333/23 од 14.12.2023 година на Регулаторната комисија за енергетика, се утврдува тарифата за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Водовод“ н.Илинден за регулиран период 2024- 2026 година за физичките лица од населените места Миладиновци, Бујковци, Текија и Дељадровци на начин како следи:

| | ТАРИФИ | | |
|---|---|---|---|
| | 2024 година | 2025 година | 2026 година |
| Физички лица | 14,10 | 14,96 | 16,34 |

На овие тарифи ќе се пресметува + 5% ДДВ и +2% надомест за користење на вода

Член 2

Со донесувањето на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Водовод“ н.Илинден за регулиран период 2021-2023 година за населените места Миладиновци, Бујковци, Текија и Дељадровци (арх.бр.02-191/6 од 20.10.2020 година) на Управниот одбор на ЈКП „Водовод" н.Илинден, со добиена согласност од страна на Советот на Општина Илинден со Одлуката за давање согласност на Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Водовод“ н.Илинден за регулиран период 2021-2023 година за неселите места Миладиновци, Бујковци, Текија и Дељадровци (арх.бр.07-133/6 од 29.01.2021 година).

Член 3

Оваа одлука ке влезе во сила по добивањето на согласност од страна на Советот на Општина Илинден.

# *Образложение*

Врз основа на одредбите од член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 23 од Статутот на ЈКП „Водовод“ н.Илинден, а во согласност со одредбите од член 1, член 2, член 6, член 8, член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги, член 5, член 6, член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги и Решението за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Водовод“ н.Илинден за регулиран период 2024-2026 година УП1 бр. 08-333/23 од 14.12.2023 година на Регулаторната комисија за енергетика, од страна на Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ н.Илинден се одлучи како во диспозитивот.

Управен Одбор<br>
на ЈКП „Водовод“ н.Илинден<br>
претседател<br>
Мики Крстевски